**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5226 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио - Прв програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Методолошкиот примерок од новинарски прилози со актуелна општествено-политичка тематика од Република Македонија, издвоени за периодот на мониторингот од 12 до 21 октомври, изнесува – 3 часа 37 минути и 30 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент |
| Други субјекти | 00:32:31 | 14,95 % |
| Претседател на РМ | 00:01:40 | 0,76 % |
| СДСМ | 00:11:02 | 5,07 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:32 | 4,84 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:34 | 1,18 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:08 | 0,98 % |
| Демократски сојуз | 00:02:35 | 1,19 % |
| ДИК и други органи | 00:02:16 | 1,05 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:52 | 12,35 % |
| Влада на РМ | 00:48:47 | 22,43 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:33 | 9,45 % |
| Граѓански сектор | 00:16:46 | 7,71 % |
| Без субјекти | 00:01:56 | 0,89 % |
| Демократска партија на Турците на Македонија | 00:00:26 | 0,20 % |
| Локална самоуправа | 00:03:52 | 1,78 % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:26 | 0,20 % |
| Специјално обвинителство | 00:06:32 | 3,00 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:08:50 | 4,06 % |
| Судство | 00:04:52 | 2,24 % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:02:41 | 1,23 % |
| Собрание на РМ | 00:02:21 | 1,08 % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:31 | 0,24 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:38 | 0,75 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:43 | 0,33 % |
| Унитети | 00:00:26 | 0,20 % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:26 | 0,20 % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:52 | 0,39 % |
| АРМ | 00:02:41 | 1,23 % |
| | Вкупно: 03:37:30 | 100 % |

Според минутажата, според предноста што им се дава во хронологијата на дневно презентираните новинарски вести и извештаи, и според широкиот опфат различни релевантни политички гледишта, во десетдневниот период – од 12 до 21 октомври 2016 година, дневниците на Првиот програмски сервис на Македонското радио за приоритетни теми ги имаат партиските иницијативи и расправите за распуштањето на Собранието. По истите уредувачки критериуми, издвоена е мултилатералната работна посета на Јоханес Хан на Скопје, која во новинарските прилози е презентирана и преку ставовите на официјалните претставници на македонската Влада и на Собранието, потоа лидерите на политичките партии потписници на т.н. „Договор од Пржино", претставници на Специјалното јавно обвинителство, како и претставници на граѓанскиот сектор и на македонските новинарски здруженија. Во прилог на ова, а имајќи го предвид активирањето на роковникот на Државната изборна комисија како централен фактор за организација на изборниот процес, продуцирани се повеќе новинарски извештаи за ангажманот на изборната администрација и за облиците по кои ќе биде спроведуван меѓународниот мониторинг на предвремените парламентарни избори закажани за 11 декември

2016 година. Кон овие тематски приоритети, информативната редакција од Пладневниот радио весик на МР1 ги придодаде опширните извештаи од завршните парламентарни расправи за предлог-буџетот на државата за 2017 година, потоа за внатрешно-политичките и за меѓународните активности на надлежните министерства вклучени во регионалните и во глобалните преговори и активности во врска со различни предизвици за безбедносната ситуација на Балканот, но и глобално, преку т.н. „компјутерски криминал".

Кон крајот на десетдневниот период селектиран за мониторинг, зачестени се извештаи за можните и за реализираните предизборни коалиции (коалиција во „албанскиот политички блок" - Унитети, НДП и ДПА-ДР), а поради интензитетот на работата и поради широкиот општествено-политички радиус на истрагите што ги спроведува СЈО во прилог на аферата „Прислушкување", значително информативно време е посветено на извештаи што сопоставуваат низа релевантни гледишта на МВР, на одговорните органи на државната управа, и на различни нивоа од судската власт.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:08:58 | 11,56 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:33 | 0,71 | % |
| СДСМ | 00:05:13 | 6,73 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:44 | 4,81 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:29 | 0,62 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:08:16 | 10,66 | % |
| Влада на РМ | 00:20:50 | 26,86 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:13 | 8,02 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:03 | 7,80 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:20 | 1,72 | % |
| ПДТ - Партија за движење на Турците | 00:00:38 | 0,82 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:14 | 1,59 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:45 | 3,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:30 | 0,64 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:36 | 5,93 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:20 | 0,43 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:26 | 0,56 | % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:12 | 1,55 | % |
| Судство | 00:01:07 | 1,44 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:29 | 0,62 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:32 | 0,69 | % |
| Унитети | 00:00:37 | 0,80 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:19 | 0,41 | % |
| АРМ | 00:01:09 | 1,48 | % |
| | **Вкупно: 01:17:33** | **100** | **%** |

Кусите, но чести, новинарски прилози во врска со македонската економија, главно известуваат за тековни владини проекти и заложби во домените – образование, здравство, земјоделие, државно кредитирање за невработени, и социјалната политика, а мониторингот бележи и извештаи чија содржина се домашните и меѓународните активности за справување со финансиската корупција (*извадоци од извештајот за Република Македонија изработен од ГРЕКО - Групата земји од Советот на Европа за справување со корупција; завршна конференција од двегодишниот проект за ЕУ поддршка во работата на македонската Државна комисија за спречување на корупцијата*).

Значајно информативно место меѓу наведените политички тематски приоритети прибележани во првата недела на мониторингот наоѓа и извештајот за пласманот на Македонската фудбалска репрезентација до 21 година на Европското првенство во фудбал, а од другите општествено-политички теми што не се стриктно мотивирани од партиски активности и од споменатите парламентарни расправи, бележит (според минутажата) новинарски третман добиле: континуираното испраќање хуманитарна помош од Турција за поплавените региони во Македонија, потоа веста за претстојните саеми – ТЕХНОМА, и саемот за транспорт и за логистика, извештаите за одбележувањето на „Светскиот ден на белиот стап“, за активностите околу Меѓународниот конгрес за лица со посебни потреби, извештајот за првото меѓународно рели за џипови низ Македонија, и извештаите за годинашните приноси од производството на ориз и на мед.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

Безмалку едночасовно интервју со Предраг Трпески, универзитетски професор чија академска специјалност е „пазарот на трудот“, направено е на 13 октомври во емисијата „Актуелно“. Професорот најнапред дава кус историјат поврзан со општествените, внатрешно-политичките, регионалните и со глобалните (не)посредни влијанија врз стапката на невработеност во Република Македонија, а потоа, коментирајќи ги официјалните статистички податоци за структурата на невработените, прикажани од Државниот завод за статистика, сугерира свои стручни гледишта во врска со мерките што за овој домен ги има преземено Државната агенција за вработување. На крајот од ова интервју, во склоп на истата емисија, како повод за завршен коментар на Трпески, емитуван е петминутен разговор со Влатко Поповски, директорот на Агенцијата за вработување, а главната тема е – најбараниот образовен профил на македонскиот пазар на трудот.

*<u>Други информативни програми</u>*

На 20 октомври, едночасовното издание на емисијата „Актуелно“ реализирана е преку разговори со економски експерти учесници на меѓународниот економски самит „Македонија 2025“, а се зборува за развојните можности на македонската економија, што е, впрочем, централна тема на целата емисија при чиј крај се емитувани и куси новинарски прилози за различни аспекти на сродна содржина.

***Сектор за програмски работи***